## Факти за ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп

- Училиштето започнува со работа 1962 год;
-Во училишната зграда работеле две училишта „Климент Охридски“ и „11 Октомври“;
-На 1 септември 1966 год. започнува со работа и Специјалното училиште „Марко Цепенков“;
- 1 септември 1978 год. трите училишта се здружуваат во едно;
- Подрачното училиште во с.Мажучиште е дел од ООУ „Климент Охридски“ од 1978 г.;
- Денес училиштето брои 811 ученици:
Одделенска настава 415
Предметна настава 336
С.Мажучиште 15
Посебни паралелки 45
- Во него има 74 вработени лица;
- Училиштето е учесник во бројни проекти чии финални производи се секогаш претставени и корисни за локалната заедница;
- Денес ООУ „Климент Охридски“ е современо училиште кое има капацитет да образува идни интелектуалци кои ќе придонесат во развивањето на општината и земјата.



Додатна настава по македонски јазик IX и VII одд:
Милена Спиркоска, Петар Петрески, Зоки Трајкоски, Леонарда Кајџаноска, Ирина Јованоска, Надица Ѓорѓијоска, Ана Нешкоска, Ангела Здравкова, Ана Каранфилов, Викторија Танеска, Гордана Димеска, Лариса Кајџаноска, Леонардо Маркоски , нас. Јулијана Талеска, нас. Влатко Николоски и нас. Каролина Јовеска

# Климент Охридски



Клименте, светителе, денес ти чиниме светол спомен!

59 години од постоењето на училиштето

1100 години од смртта на Климент Охридски

„Пргај се од злото и прави добро"
- Климент Охридски -

## Факти

- За неговиот живот дознаваме од „Долго Житие" од Теофилакт Охридски и „Кратко Житие" од Димитриј Хоматијан;
- Св. Методиј бил негов пример и поддршка; својот живот го устроил по углед на неговиот живот;
- Неколку современи извори тврдат дека св. Климент бил еден од соработниците на Константин во создавањето на глаголицата;
- Учествувал во превод на Светото Писмо од грчки на словенски јазик;
- Се претпоставува дека е автор на житијата на неговите учители Кирил и Методиј;
- 886 година е почетокот на неговиот најпродуктивен период.
- Во текот на седум години, тој обучил 3 500 ученици;
- Тој е првиот најзначаен автор кој творел и проповедал на словенски јазик;
- Тој пишува житија според византискиот образец, пофални слова и беседи, црковни химни и преведува црковни текстови;
- Преку словата кои ги пишува го поучува народот на верата и надежта;
- Ја основал Охридската книжевна школа во која до 13 век се пишувало со глаголица;
- Бил прв словенски епископ;
- Климент Охридски не ја напишал кирилицата. Напротив, бил поборник за зачувување на глаголицата.

## Биографија

Климент Охридски е роден околу 840 година. За местото на неговото раѓање не се знае точно. Својата младост ја поминал во манастирот во Витинија, на Олимп - Грција, заедно со св. Методиј.
Зимата 860-861 година ги придружувал Методиј и неговиот брат Константин - Кирил во мисијата кај Хазарите.
Од 863 до 866 година бил дел од Моравската мисија.
Јануари 868 година Климент е ракоположен за свештеник од папата Адријан Втори.
По смртта на Методиј во 885 година, Климент станува учител и водач, односно продолжувач на делото на неговите учители.
По смртта на Методиј, литургијата на словенски била забранета во Моравија, прогерманската фракција ја презела власта, а највидните Методиеви ученици, помеѓу кои и Климент, биле уапсени и протерани од земјата. Климент, со уште двајца ученици се упатиле кон Дунав, во тогашното Бугарско Царство, каде што ги пречекал царот Борис кој „жеднеел за такви луѓе".
Во 893 година бил назначен за епископ дремвицки. Бил вистински пастир на верниот народ. Ги поучувал со слова, беседи и житија. Од Грција донел различни видови овошни дрвца кои ги засадувал и ги учел луѓето како да ги одгледуваат.
Свети Климент умрел во 916 година во манастирот „Св. Пантелејмон".
Дел од неговите мошти се наоѓаат на „Плаошник" - Охрид.